www.plusinfo.mk
НОВИ CHECK-UP ПАКЕТИ ПРЕВЕНЦИЈАТА Е НАЈДОБАР ЛЕК!
CLASSIC ПАКЕТИ
GOLD ПАКЕТИ
EXECUTIVE ПАКЕТИ
ACIBADEM SISTINA

ЗАГИНА ЛОВЏИЈА ОД ИСТРЕЛ ОД НЕБРЕЖНОСТ Десетмина отишле во лов на дивеч а немале дозволи

За време на ловот, во еден момент М.Б. од својата ловечка пушка од небрежност испукал еден истрел и го погодил Ј.П. во пределот на стомакот и раката, по што М.Ј. и Љ.М. го качиле повредениот во патничко возило и тргнале кон Итна медицинска помош Радовиш.

Од: Плусинфо Објавено 11/11/2025 13:07:03

МАКЕДОНИЈА | ИЗБОР

Фото: МВР

Сподели
659

Ловџија од Конче вчера загинал откако во него од небрежност пукал друг ловџија и го погодил во пределот на стомакот и во раката.

Двајцата заедно со уште неколкумина други ловџии биле во лов на дивеч без да поседуваат дневни дозволи за лов.

Како што соопшти МВР, во текот на денот ќе биде поднесена кривична пријава за лицето што пукало поради сомнение за сторено кривично дело „убиство од небрежност", од сите инволвирани се одземени ловечки пушки и муниција, а по целосно документирање на случајот за сите лица ќе биде поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „незаконит лов".

На 10.11.2025 полициски службеници од СВР Струмица-ОВР Радовиш ги лишија од слобода М.Б.(40) од село Габревци, Љ.М.(64) од село Долни Липовиќ, М.Д.(50) од село Габревци, В.Р.(52) од село Ракитец, М.М.(67) од село Ракитец, С.Р.(34) од село Ракитец, Г.Р.(69) од село Ракитец, В.И.(48) од село Ракитец, В.Н.(72) од село Долни Липовиќ, Г.К.(51) од село Дедино и Ј.Б.(47) од село Габревци, сите во општина Конче.

Лишените од слобода, заедно со Ј.П.(46) од село Ракитец, општина Конче, на 10.11.2025 во атар на селото Габревци биле во лов на дивеч без да поседуваат дневни дозволи за лов.

За време на ловот, во еден момент М.Б. од својата ловечка пушка од небрежност испукал еден истрел и го погодил Ј.П. во пределот на стомакот и раката, по што М.Ј. и Љ.М. го качиле повредениот во патничко возило и тргнале кон Итна медицинска помош Радовиш. По пат ја известиле Итната медицинска помош и на место викано „Дедински Чаири", атар на село Дедино, се сретнале со возилото на итната помош, каде што лекар констатирал смрт кај Ј.П..

Увид на местото изврши јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и екипа на ОВР Радовиш. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот е дадено на обдукција.

Од сите инволвирани се одземени ловечки пушки и муниција, а ловечка пушка и муниција се одземени и при претрес на домот на М.Б., извршен со судска наредба.

М.Б., Љ.М. и Г.К. се задржани во Полициската станица Радовиш, а во текот на денот против М.Б. ќе биде поднесена кривична пријава поради сомнение за сторено кривично дело „убиство од небрежност".

Додека, по целосно документирање на случајот против М.Б., Љ.М., М.Д., В.Р., М.М., С.Р., Г.Р., В.И., В.Н., Г.К. и Ј.Б. ќе биде поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „незаконит лов" по член 228, а против Ј.Б. ќе биде поднесена и кривична пријава за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" по член 396 од Кривичниот закон.

Можеби ќе ве интересира

„ВАШИОТ СИН ПРЕГАЗИ 8-ГОДИШНО ДЕТЕ" 88-годишна битолчанка...
Плусинфо • 11/11/2025

УАПСЕНА ЖЕНА ОД РАДОВИШ ЗА ЛАЖНА ДОЈАВА ЗА БОМБА...
Плусинфо • 07/11/2025

загина ловџија | истрел од небрежност | кривична пријава | ловечка пушка | незаконит лов | немале дозвола за лов

Сподели
659

ПРЕТХОДНО
ДИДИ СЕ ЛЕЧИ ОД ДРОГА ВО ЗАТВОР, НО ПИЕ АЛКОХОЛ Затворските денови ги почна со инцидент

СЛЕДНО
ТУРЦИТЕ И СРБИТЕ НАЈБРОЈНИ ТУРИСТИ ВО МАКЕДОНИЈА Во септември ќе посетиле 32.950 Турци, 8.830 Срби, а ни доаѓаат и многу Германци и Полјаци

Поврзани содржини

МАКЕДОНИЈА

ГРОБИШТАТА НЕ СЕ ДЕПОНИИ, ТУКУ МЕСТО НА СПОМЕН Ѓорѓиевски најави чистење и заштита...

МАКЕДОНИЈА

ОД МИНУС ДО ПРЕКУ 20 СТЕПЕНИ Сонце, магла и температури кои ќе ве изненадат



ИЗБОР

СКАНДАЛ НА „МИС УНИВЕРЗУМ" Мисицата од Чиле снимила видео кое личи на дрогирање,...

ПРЕТХОДНО СЛЕДНО

Останете со нас

Facebook Likes | Like our page
Twitter Followers | Follow Us
RSS Subscribe | Subscribe
Plusinfomk Subscribe | Subscribe

Најчитани

ДАНЕЛА Е БУЧНА И НЕРВОЗНА ЗАШТО ПРАВДАТА СЕ БЛИЖИ Среќа ѝ...
Плусинфо • 11/11/2025

УКРАИНСКИ И БРИТАНСКИ РАЗУЗНАВАЧИ ПЛАНИРАЛЕ „ГОЛЕМ ЛЕТ" ВО...
Плусинфо • 11/11/2025

ФУДБАЛСКИ ЗЕМЈОТРЕС ВО ТУРЦИЈА Уапсени претседател на клуб...
Плусинфо • 10/11/2025

ДВЕ АМЕРИКАНСКИ КОМПАНИИ СИ ОДАТ ОД МАКЕДОНИЈА Причина е...
Плусинфо • 11/11/2025

ДИДИ СЕ ЛЕЧИ ОД ДРОГА ВО ЗАТВОР, НО ПИЕ АЛКОХОЛ Затворските...
Плусинфо • 11/11/2025

Колумни

Циркусот одамна е почнат
Златко Теодосиевс... 11/11/2025

Протерување на мигранти од ЕУ по секоја цена
Ивица Челиковиќ • 10/11/2025

Правосудството го резилат судии, обвинители и адвокати – ...
Мустафа Хаџулаки ... 10/11/2025

Колку чини македонскиот идентитет?
Златко Теодосиевс... 08/11/2025

арт.кујна
Мајка и дете
панорама

Спорт

„КЕ ИМАМ 41 ГОДИНА, ВРЕМЕ Е" Роналдо се повлекува по...
Плусинфо • 11/11/2025

ИГРАА ФИНАЛЕ ВО СНЕЖНА БУРА, ГОЛОТ БЕШЕ МАЕСТРАЛЕН Во...
Плусинфо • 11/11/2025

ФУДБАЛСКИ ЗЕМЈОТРЕС ВО ТУРЦИЈА Уапсени претседател на клуб...
Плусинфо • 10/11/2025

АТЛЕТИКО МАДРИД ИМА НОВ МНОЗИНСКИ СОПСТВЕНИК Инвестициски...
Плусинфо • 10/11/2025

Галерија

ВО НОВИОТ ЕГИПЕТСКИ МУЗЕЈ ВРИЕ КАКО ВО КОШНИЦА Сите...
Панорама • 09/11/2025

КОЈ БРОЈ ГО ГЛЕДАТЕ НА ОВАА СЛИКА? Оптичка илузија што...
Панорама • 04/11/2025

ОВА Е НАЈСЕКСИ МАЖОТ ЗА 2025 ГОДИНА Британскиот глумец се...
Плусинфо • 04/11/2025

НЕВЕРОЈАТНА ГЛЕТКА ВО БЛИЗИНАТА НА ЗАГРЕБ, КАКО БОМБА ДА...
Плусинфо • 04/11/2025

Хумор

ХРВАТСКИ СОВЕТНИК ГО ИЗГОРЕ ИНТЕРНЕТ СО ЛЕГЕНДАРЕН ГОВОР...
Плусинфо • 04/11/2025

Имате мака со спермограмот? Не грижете се, проблемот може...
Плусинфо • 07/10/2025

И кокошката има право да уживa
Плусинфо • 29/09/2025

Проверете дали сопругата излегува со блендерот
Панорама • 07/08/2025

ПРЕТХОДНО СЛЕДНО 1 of 166

© 2025 - plusinfo.mk. All Rights Reserved. © Developed by: Unet